ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 20.03.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## Контрола на дежурните служби во здравствен дом – Скопје

ФЗОМ изврши повторна таргетирана контрола на сите 8 дежурни служби на територија на град Скопје во вечерните часови на 18,19.03.2011 година. Контролата требаше детално да го испита работењето на дежурните служби, препишувањето рецепти на товар ФЗОМ, медицинската евиденција, наплатата на партиципација, бројот на посети и итн.

Контролата констатираше дека за разлика од почетокот на кварталот 2011 година поголемиот број на забелешки во административното работење се отклонети.

Како најголема забелешка на почетокот на годината беше неправилно пополнување на рецептите и незапознаеноста со одлуката на УО на ФЗОМ од 02.2010 година со која се овозможува препишување рецепт на 12 генерики за пациентите во дежурна служба кои се на товар на ФЗОМ.

Големо подобрување има во 7-те дежурни служби почнувајќи од уредната медицинска евиденција, користењето на новите 6- цифрени факсимили за Јавно здравство, уредно пополнување на рецептите за 12-те генерики со што се овозможува осигуреникот одма да го подигне лекот во аптека со сино картонче.

Сепак во една дежурна служба нема подобрување на работењето и констатираните неправилности пак се повторуваат, со што директно се оштетуваат осигурениците.

За таа дежурна служба ќе следуваат санкции за прекршување на одредбите од договорот со ФЗОМ.

ФЗОМ и понатаму ќе продложи со  вакви таргетирани акции со цел подобрување на квалитетот на здравстените услуги.

Бранко Аџигогов
Портпарол